РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 09 - 950/2
09-03-2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 22 став 1 в.в член 45 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), на 46 та седница одржана на ден 12.02.2021 година, донесе

## ОДЛУКА

**Се констатира состојба на судир на интереси, кај лицето ------- ------** – пратеник во Собранието на РСМ, затоа што по именување на наведената функција, управувањето со својата приватна фирма го доверил на блиско лице, што е спротивно на член 45 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите.

Согласно член 114 став 3 в.в член 45 став 1, казнив по член 105 став 1 алинеја 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, да се поведе постапка на порамнување со издавање на прекршочен платен налог против службеното лице Скендер Реџепи, пратеник во Собрание на РСМ, поради тоа што управувањето со трговското друштво ДПТУ ХЕМИШОВ-Стар ДООЕЛ Скопје го доверил на блиско лице.

## Образложение

Предметот со број 09-950/1 од 01.03.2021 година е оформен по сопствена иницијатива врз основа на редовна проверка на Образецот - Изјавите за интереси поднесена од ------- -------, пратеник во Собранието на РСМ, поради тоа што по именување на наведената функција, управувањето со својата приватна фирма ДПТУ ХЕМИШОВ-Стар ДООЕЛ Скопје, го доверил на блиско лице, односно на неговиот син, што е спротивно на член 45 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите.

Имено, согласно наведениот член:

*(1) Лице кое стапува на функција на избрано или* ***именувано*** *лице, со исклучок на лицата кои стапуваат на функција која не се извршува професионално,* ***доколку управува со трговско друштво*** *или установа како сопственик, е должно пред да стапи на функцијата управувањето да му го довери на друго лице или тело,* ***освен на членови на неговото семејство****, за времето на вршењето на функцијата, јавните овластувања или должности.*

По проверка во Дистрибутивен систем на Централен Регистар на Република Северна Македонија на ден 12.02.2021 година е утврдено дека наведеното лице по изборот на функцијата пратеник во Собранието на РСМ, го променил управувањето на својата фирма и истото го доверил на неговиот син, односно на блиско лице согласно член 8 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите.

Согласно член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси оваа Одлука се доставува до службеното лице ------- --------, пратеник во Собранието на РСМ со која му се укажува на неопходноста да го отстрани судирот на интереси, односно управувањето со трговско друштво ДПТУ ХЕМИШОВ-Стар ДООЕЛ Скопје да го довери на друго лице или тело, **освен на членовите на неговото семејство.**

Службеното лице потребно е да ја извести ДКСК со приложување на доказ за постапувањето во рок од 15 дена од доставување на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК:
Изработил: Е.Н –соработник
Одобрил: К.Н-член на ДКСК